## БРИТНИ ИМА НОВО МОМЧЕ?





На Бритни Спирс не ѝ требало многу време за да пронајде ново момче во својот живот. Станува збор за продуцентот Џонатан Ротем, кој соработува со Бритни на нејзиниот најнов албум. Освен неа, Ротем соработува и со пејачката Риана и со познатиот рапер 50 цент. Парот е "фатен" во еден ресторан, а потоа вечерта ја "завршиле" во неговиот стан. По сè изгледа пријателот на Парис, Брендон Дејвис, не бил доволно силен да ја задржи Бритни, па затоа таа била принудена за нова љубовна врска да побара некого меѓу своите соработници.

## ТОМ КРУЗ И КЕЈТИ ХОЛМС СЕ "РАЗВЕДУВААТ"



Том Круз и Кејти Холмс ги подготвиле документите за развод, но и понатаму остануваат во врска. Познатиот пар смета дека на тој начин ќе ги спречат медиумите да пишуваат за нивниот развод, доколку дојде до такво нешто. Портпаролот на холивудскиот пар ги известил медиумите за оваа необична одлука на Круз и на Холмс, кои останале шокирани од нивната постапка.



"Ако сме разведени, медиумите нема да може да шпекулираат околу пропаѓањето на нашиот брак и да пишуваат по весниците. Нашите имиња нема да се развлекуваат по насловните страници и кога законски ќе бидеме разведени", смета Кејт.




## ПАМ И КИД СЕКОЈ НА СВОЈА СТРАНА!



По четиримесечниот брачен живот, Памела Андерсон и Кид Рок во Лос Анџелес го потпишале барањето за развод. Адвокатот на плејбој "зајачицата" не сакал да ги открие причините за нивната одлука за разделба. Во бракоразводните хартии и двајцата потпишале изјава за барање за растурање на бракот поради "ненадминливите разлики", пренесува ЦНН. Нивната врска била турбулентна уште од самиот почеток. Тие биле верени во 2002 година и веќе следната година ја прекинале веридбата. Потоа повторно се "сплеткале" во 2006 година и ланското лето се венчаа.

